Уп. Бр.08-89/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Падди повер Холдингс Лимитед, со регистрирано седиште на 2ри кат, Ст. Марис Коурт, 20 Хил Стрит, Доуглас, Остров Ман, ИМ1 1ЕУ, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден **06.09.2021** година, го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Падди повер Холдингс Лимитед, со регистрирано седиште на 2ри кат, Ст. Марис Коурт, 20 Хил Стрит, Доуглас, Остров Ман, ИМ1 1ЕУ стекнува единствена контрола над: Сингулар Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на Бизнис Центар Таглиаферо, кат 2, хај Стрит Ц/Њ Гајети Лејн, Слиема СЛМ 1551, Малта, СИНГУЛАР ГРОУП ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Франц Месеснел бр.2, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, Сингулар Груп ЛЛЦ, со регистрирано седиште на 2 Зубалашвили, Мтатсминда Дистрикт, Тбилиси, Грузија и Адванцед Системс ЛЛЦ, со регистрирано седиште на Стан 7, Зграда 4, Н51, Вазда-Псхавела Авенија, Ваке Дистрикт, Тбилиси, Грузија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците **и е во согласност** со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) на ден 11.08.2021 година е доставено известување за концентрација, со која Падди повер Холдингс Лимитед, со регистрирано седиште на 2ри кат, Ст. Марис Коурт, 20 Хил Стрит, Доуглас, Остров Ман, ИМ1 1ЕУ

стекнува единствена контрола над: Сингулар Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на Бизнис Центар Таглиаферо, кат 2, хај Стрит Ц/Ѓ Гајети Лејн, Слиема СЛМ 1551, Малта, СИНГУЛАР ГРОУП ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. Франц Месеснел бр.2, Скопје – Карпош, Република Северна Македонија, Сингулар Груп ЛЛЦ, со регистрирано седиште на 2 Зубалашвили, Мтатсминда Дистрикт, Тбилиси, Грузија и Адванцед Системс ЛЛЦ, со регистрирано седиште на Стан 7, Зграда 4, Н51, Вазда-Псхавела Авенија, Ваке Дистрикт, Тбилиси, Грузија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Падди Повер Холдингс Лимитед -** (ППХЛ) е холдинг друштво и е зависно друштво во целосна сопственост на ФЛАТЕР ЕНТЕРТЕЈМЕНТ АКЦИОНЕРСКО ДРУШВО, акционерско друштво регистрирано согласно законите на Ирска, со регистрирана адреса на Белфил офис Парк, Бич Хил Роуд, Клонскеј, Даблин 4, Даблин, Ирска, D04 V972, регистрирано под регистарски број 16956, глобален оператор за спортско обложување и игри на среќа, чие седиште е во Даблин, Ирска, кое вработува повеќе од 14.000 луѓе ширум светот, и кое е матична компанија на Флатер групацијата на компании. Подносителот на Известувањето – (ППХЛ) не е присутен на релевантниот пазар во Северна Македонија

Целните друштва кои се учесници во концентрацијата ја формираат ‘’Сингулар Групацијата’’, и тоа Сингулар Холдинг Лимитед, Сингулар Гроуп ДОО, Сингулар Гроуп ЛЛЦ и Адванцед Системс ЛЛЦ.

**Сингулар Холдинг Лимитед**, е друштво со ограничена одговорност чија главна цел е да дејствува како холдинг компанија, да регистрира, да држи, да купи или на друг начин да стекне акции, учество, инвестициски удели во други компании и да продава или на друг начин да располага со истите; да обезбедува услуги за управување и финансирање и да учествува во активностите на нејзините зависни друштва и поврзани компании. Сингулар Холдинг Лимитед, вклучувајќи го и неговото зависно друштво Сингулар Традинг Лимитед, немаат регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија. Сингулар Холдинг Лимитед не е активно на ниту еден пазар во Северна Македонија. Во 2020 година, Сингулар Традинг Лимитед има остварено приход од клиенти во Северна Македонија за услуги за развој на софтвер.

**Сингулар Гроуп ДОО** е друштво со ограничена одговорност кое се занимава со активности на развивање на софтверски решенија за онлајн игри на среќа.

**Сингулар Гроуп ЛЛЦ** е друштво кое се занимава со развој и одржување на софтвер, за целите и потребите на Сингулар Групацијата. Сингулар Гроуп ЛЛЦ нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија и не е активно на кој било пазар во Северна Македонија.

**Адванцед Системс ЛЛЦ** е новооснована компанија регистрирана во 2020 година и е активна од 1 март 2021 година. Адванцед Системс ЛЛЦ е активна само на пазарот во Грузија. Адванцед Системс ЛЛЦ обезбедува препродажба на

софтвер за игри. Адванцед Системс ЛЛЦ нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија и не е активно на кој било пазар во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**